# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 26 | Понеделник, 14. 12. 2009 год. |
| --- | --- |

*wwww.strumica.gov.mk*

**С о д р ж и н а**

**Комисија за општествени дејности при Советот на општина Струмица**:

Стр.

**Р.б.**

**367.** **Одлука** за доделување на наградата "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за животно дело во 2009 година и Годишна награда на општина Струмица "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за 2009 година .......... 2

**368.** **Одлука** за доделување награди по распишаниот награден конкурс за литературно - поетски состав, посветен на градот Струмица .......... 3

---

**367.**

Врз основа на член 10 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), и членовите 2, 4 и 37 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна општинска награда "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици ("Сл. гласник на општина Струмица" број 19/07, 23/09, 25/09), Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица на седницата одржана на 05.12.2009 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување на наградата "Свети Петнаесет Тивериополски Свештено-маченици" за животно дело во 2009 година и Годишна награда на општина Струмица "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за 2009 година**

I

Како општествено признание за вонредно значајни остварувања од посебен интерес на Општина Струмица, се доделува наградата "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за животно дело во 2009 година, на:

Јован Рендевски, професор по физика во пензија, за постигнати посебни резултати во последните 43 години од реализирањето на неговите професионални работни обврски како професор и повеќегодишен раководител во гимназијата "Јане Сандански", но и за севкупно вложениот труд и постигнатите резултати во општествено-политичкиот живот во Општина Струмица, како и големиот број добиени одликувања и признанија.

II.

Годишната награда на општина Струмица "Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици" за 2009 година, како признание на Општина Струмица за посебни остварувања се доделува на:

1. Роза Мојсовска , штитеник во Заводот за заштита и рехабилитација Бања Банско, која и покрај телесниот хендикеп има постигнато огромни резултати во областа на ликовното и поетското творештво. Има издадено четири стихозбирки , а желбите и визиите ги пренесува и на платно.

2. Доцент д-р Љубица Јанчева, автор е на научни и стручни трудови и прилози кои се однесуваат на минатото и историјата на Струмица и Струмичкиот регион. Автор е на многу научни трудови за историјата на Македонија, како и на монографијата "Народноослободителните одбори во Струмичко – Радовишкиот регион 1941 – 1945 година"

3. Ќазим (Кочо) Агушев – постхумно, познат струмички и македонски инструменталист, кој со својот специфичен музички израз изгради препознатлив имиџ познат и надвор од границите на Македонија. Добитник е на повеќе награди и признанија во земјата и странство, прогласуван е за крал на трубата, а ја добил и наградата Златна труба на Балканот. Познат е и како композитор на повеќе ора и песни, а за него е снимен и документарен филм преведен не англиски јазик под наслов "Кочо Агушев и неговата труба".

4. Сузана Тасева, дописник на А 1 ТВ од Струмица, за континуирани успеси во информирањето и професионално извршување на работата. Добитник е на бројни награди од областа на новинарството.

5. Митко Ефтимов , крводарител, кој со својата хуманост придонесува во мотивирањето и унапредувањето на крводарителството во микро регионот Струмица.

Митко Ефтимов над педесет пати има дарувано крв, а со тоа помогнал во спасувањето и на многу човечки животи.

6. Струмичкиот театар во рамките на Националната установа Цантар за култура “Антон Панов” за шеесетгодишен јубилеј и посебни остварувања во областа на театарската уметност. Во јубилејната година реализира три претстави и на секоја има добиено по една награда. Струмичкиот театар на најубав можен начин ја презентира струмичката култура.

7. Еколошко друштво “Планетум” од Струмица, за постигнати резултати во реализирањето на пректи од областа на екологијата и тоа:

- управување со отпадот
- уредување на зелени површини во општина Струмица
- развој на алтернативниот туризам во општина Струмица.
- намалување на климатските промени преку ефектот на стаклена градина и енергетска ефикасност.

III.

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.07-6422/9

10.12.2009 год.

С т р у м и ц а

Комисија за општествени дејности
Претседател,
Верица Узунова с.р.

**368.**

Комисијата за општествени дејности, при Советот на општина Струмица, на предлог од Комисијата за прочит на лититературните творби од 04.12.2009 година , на ден 05.12.2008 година донесе

**О д л у к а**
**за доделување награди по распишаниот награден конкурс за литературно - поетски состав, посветен на градот Струмица**

Член 1

Наградите се доделуваат во три категории и тоа:

Прва категорија – ученици во основните училишта;

Втора категорија – ученици во средните училишта и

Трета категорија – граѓани (возрасни автори).

Наградите во првата и втората категорија се материјални во книги, а наградите во трета категорија се парични и тоа:

Прва награда во третата категорија 6000 денари

Втора награда во третата категорија 4000 денаи и

Трета награда во третата категорија 2000 денари.

**I**

Во категоријата – ученици од основните училишта се наградуваат литературно-поетските состави со една прва, една втора и една трета награда и тоа:

Со прва награда се наградува:

Атанас Крстев ученик од ОУ”Сандо Масев” од Струмица;

Со втора награда се наградува:

Елизабета Муканова - ученичка во Основното училиште “Никола Вапцаров” од Струмица ;

Со трета награда се наградува:

Сашка Велева - ученичка во ОУ "СВ.Кирил и Методиј" од Дабиља.

II

Во категоријата – ученици од средните училишта се наградуваат литературно-поетските состави и тоа:

Со прва награда:

Мануела Маневска - ученичка во СОУ "Јане Сандански" – Струмица

Со втора награда:

Марија Филева - ученичка во СОУ "Јане Сандански" – Струмица

Со трета награда:

Благица Пецанова – ученичка во СОУ "Јане Сандански" - Струмица

III

Во категоријата "возрасни автори" се доделува една прва награда и тоа:

Со прва награда во износ од 6.000 денари се наградува литературно-поетскиот состав на Љубица Тасева од Струмица;

Член 2

Наградите да се врачат на свечената седница на Советот на општина Струмица на 11 декември 2009 година

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во " Сл. гласник на општина Струмица" .

Бр. 07- 6423/25
10.12.2009 год.
С т р у м и ц а

Комисијата за општествени дејности
Претседател,
Верица Узунова с.р.